РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО

Општина Чешиново-Облешево Тел: +389 (33) 351770 ул.„Маршал Тито“, бр. 17, Облешево
email: info@cesinovo-oblesevo.gov.mk

Република Северна Македонија
ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО
Бр. 22-935/5
25.06.2025 год.
ОБЛЕШЕВО

Врз основа на член 118, став 3, а во согласност со член 122, став 4 од Законот за животна средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 , 99/18 и („Службен весник на Република Северна Македонија“ 89/22, 171/22, 3/25 и 124/25), како и врз основа на член 12 , став 3 од Правилникот за постапка за добивање на Б – интегрирана еколошка дозвола (Службен весник на РМ бр.112/14 и 42/16), постапувајќи по заедничко Барање за пренос на Б – интегрирана еколошка дозвола поднесено со бр.22-935/1 од 29.04.2025година на ТИТАН УСЈЕ АД Скопје со седиште на ул.Борис Трајковски бр.94, Кисела Вода Скопје и Друштво за неметали ОПАЛИТ ДООЕЛ с.Чешиново со седиште ул. АСНОМ бр.бб Чешиново, Градоначалникот на општина Чешиново—Облешево донесе:

РЕШЕНИЕ
За пренос на Б-интегрирана еколошка дозвола

СЕ ВРШИ ЦЕЛОСЕН ПРЕНОС на Б-интегрирана еколошка дозвола Уп1 бр.22-16 од 30.06.2021 година од оператор носител на дозволата Друштво за неметали ОПАЛИТ ДООЕЛ с.Чешиново, со седиште на ул. АСНОМ бр.бб Чешиново, на операторот превземач на дозволата ТИТАН УСЈЕ АД Скопје, со седиште на ул.Борис Трајковски бр.94 Кисела Вода Скопје за инсталација - **Површинска експлоатација на минерална суровина на Опалска бреча на површински коп „Спанчево-2“Спанчево**

1. СЕ ЗАДОЛЖУВА ТИТАН УСЈЕ АД Скопје со седиште на ул.Борис Трајковски бр.94 при користење и управување со Инсталацијата за Површинска експлоатација на минерална суровина Опалска бреча на површински коп „Спанчево-2“Спанчево, да ги исполнува и почитува сите услови и мерки утврдени во Б-Интегрираната еколошка дозвола со УП1бр.22-16 од 30.06.2021 година.
2. Ова решение влегува во сила од денот на неговото донесување.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

ТИТАН УСЈЕ АД Скопје со седиште на ул.Борис Трајковски бр.94 Кисела Вода Скопје и Друштво за неметали ОПАЛИТ ДООЕЛ с.Чешиново со седиште ул. АСНОМ бр.бб Чешиново ПОДНЕСОА ЗАЕДНИЧКО БАРАЊЕ ЗА ПРЕНОС НА Б – Интегрирана еколошка дозвола со УП1 бр.22-16 од 30.06.2021 година.

По разгледување на Барањето, донесено е Известување бр.22-935/2 од 30.04.2025година за дополнување на барањето заради некомплетност, со задолжување да се достави потребната дополнителна документација во член 12 став 2 од Правилникот за постапка за добивање на Б – Интегрирана еколошка дозвола („Службен весник на РСМ“ бр.112/14 и 42/16).

Со поднесок за дополнување на Барањето бр.22-935/3 од 13.06.2025година од страна на подносителот на барањето е доставена бараната документација.

Поради промена на називот на подносителот на барањето Цементарница Усје АД Скопје која сега гласи ТИТАН УСЈЕ АД Скопје доставено е Известување бр.22-935/4 од 18.06.2025година со пропратни документи решение за промена на назив и Тековна состојба од 16.06.2025година.

По комплетирање на барањето согласно Законот за животна средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 , 99/18 и („Службен весник на Република Северна Македонија“бр.89/22, 171/22, 3/25 и 124/25), Правилникот за постапка за добивање на Б – Интегрирана еколошка дозвола („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.112/14 и 42/16, и Уредбата за висината на надоместокот кој треба да го плаќаат операторите на инсталациите кои вршат активности за Б-итегрирана еколошка дозвола („Службен весник на Република Македонија“ бр. 117/07, 64/10 и 186/16) изготвен е налог за плаќање на Надоместок за пренос на Б- Интегрирана еколошка дозвола и објава во еден дневен весник на територијата на Република Северна Македонија.

Бидејќи се исполнети условите за пренос на Б - Интегрирана еколошка дозвола , а по претходно спроведена постапка за целосен пренос на дозволата, утврдена во член 12 од Правилникот за постапка за добивање на Б - Интегрирана еколошка дозвола („ весник на Република Македонија“ бр.112/14 и 42/16), Градоначалникот на Општина Чешиново-Облешево одлучи како во диспозитивот на оваа решение.

ПРАВНА ПОУКА:
Против оваа решение операторот од кој се пренесува дозволата, операторот на кој се пренесува дозволата, засегнатите правни и физички лица и здруженијата на граѓани основани заради унапредување и заштита на животната средина имаат право да поднесат жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен , во рок од 15 дена од денот на приемот , односно објавувањето на Решението

Доставено до:
Архива на општина Чешиново-Облешево
ТИТАН УСЈЕ АД Скопје
Министерство за животна средина
Помлад инспектор за животна средина

Изработил: Ива Стефанова

ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО
ГРАДОНАЧАЛНИК
Далибор Ангелов

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ГРАДОНАЧАЛНИК ОПШТИНА